ЈПКД
# КОМУНАЛЕЦ
СТРУМИЦА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈПКД КОМУНАЛЕЦ СТРУМИЦА со ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**за период**

**01.01-30.06.2025 година споредено со 01.01.-30.06.2024 година**

**СТРУМИЦА**

**ЈУЛИ 2025 година**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЈПКД "КОМУНАЛЕЦ" СТРУМИЦА

## ЗА ПЕРИОД I – VI МЕСЕЦ 2025 ГОДИНА

Преку овој извештај е прикажано работењето на ЈПКД "Комуналец" Струмица за периодот од 1-6 месец 2025 година и истиот ги содржи основните податоци за работењето преку остварениот физички обем на производство и услуги и финансиските показатели.

## ОСНОВНАТА ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Средствата за вршење на комуналните дејности ЈПКД "Комуналец" Струмица ги остварува од цената на комуналните услуги, буџетот на општина Струмица и други средства утврдени со закон. Согласно Статутот на претпријатието и Законот за комунални дејности. Главни услуги што ЈПКД "Комуналец" Струмица ги дава на корисниците се:

- Производство и дистрибуција на вода до потрошувачите со одржување на објектите и опремата од водоснабдителните системи.
- Прифаќање, одведување на комунални отпадни води и одржување на канализациониот систем.
- Собирање, изнесување и депонирање на комунален цврст отпад од станбени, деловни и индустриски површини.
- Чистење на јавни прометни површини.
- Управување и одржување на гробишта.
- Уредување и одржување паркови и зелени рекреативни површини.
- Давање услуги на пазар.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Претпријатието се организира така што комуналната дејност заради која е основано ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техничко-технолошко и економско единство на системот;
2. Ефикасност и транспарентност во работењето;
3. Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;
4. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
5. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и
6. Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална

поврзаност со системи во земјата и светот.

Претпријатието се усогласи со новите законски измени за јавната администрација и донесе нова Внатрешна организација и нова Систематизација .

Во рамки на Претпријатието како самостојни организациони единици се формираат:

**1. Одделение за подршка на директорот**

**2. Одделение за внатрешна ревизија**

Во Претпријатието се организираат следните сектори и одделенија:

**1. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ**

**1.1Одделение за правни работи**

**1.2 Одделение за управување со човечки ресурси**

**1.3 Одделение за имотно правни пработи**

**2. СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

**2.1 Одделение за јавни набавки**

**2.2 Одделение за користење на ЕСЈН**

**3. СЕКТОР ЗА ОПШТИ РАБОТИ**

**3.1 Одделение за општи работи**

**3.2 Одделение за заштита,безбедност и здравје при работа**

**3.3 Одделение за безбедност на објекти**

**4. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

**4.1 Одделение за сметководство и финанасова оператива**

**4.2 Одделение за магацинско работење и реализација на јавни набавки**

**4.3 Одделение за Наплата**

**4.4 Одделение за АОП**

**5. СЕКТОР ЗА НА ПОБАРУВАЊА ОД ПРАВНИ ЛИЦА**

**5.1 Одделение за утужување**

**5.2 Одделение за инкасатори за правни лица**

**6. СЕКТОР ЗА НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊА ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

6.1 Одделение за утужување

6.2 Одделение за инкасатори за физички лица

**7.СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**

7.1 Одделение водовод

7.2 Одделение канализација

7.3 Одделение Технички работи и развој

7.4 Одделение изградба

7.5 Одделение пречистителна станица за отпадни води

7.6 Одделение Рурални и населени места

7.7 Одделение Производство на вода и санитарна контрола

**8.СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА**

8.1 Одделение Комунална хигиена

8.2 Одделение Управување и одржување на гробишта

**9.СЕКТОР УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО И ПАЗАРИ**

9.1 Одделение управување и одржување на јавно зеленило

9.2 Одделение Пазари

**10.СЕКТОР МЕХАНИЗАЦИЈА**

10.1 Одделение за одржување

10.2 Одделение Диспечерски центар

10.3 Одделение техничка подготовка и дијагностика

## 1.1.Извештај за Производство и дистрибуција на вода до потрошувачите со одржување на објектите и опремата од водоснабдителниот систем за период од I –VI месец 2025 година

Во периодот Јан - Јуни 2025 год. имавме редовно водоснабдување на сите граѓани, освен во периодите кога поради отстранување на дефекти на водоводната мрежа и вршење на интервенции на водоводните линии имаше повремени прекини на одредени делови од градот за кои граѓаните беа навремено информирани преку центарот за известување.

Со реализација на програмата на општина Струмица која се однесуваше на делот на водоснабдување, како и со реализацијата на програмата за работа ЈПКД "Комуналец" ја прошири водоводната мрежа на град Струмица и во населените места: с. Добрејци, с. Просениково, с. Дабиле, с. Г.Балдовци, с. Баница. ЈПКД "Комуналец" управува и со системите за водоснабдување во Бања Банско и населените места: с. Банско и с. Свидовица. Исто така ЈПКД "Комуналец" управува со водоводниот систем кој ги обслужува граѓаните од с. Муртино и с. Сачево, како и водоводните системи за с. Куклиш, с. Раборци и с. Габрово.

Со проширување на водоводните линии, управувањето со новите водоводи и водоводни објекти во населените места значително го зголеми обемот на работа и додатни ангажирања на вработените за непречено функционирање на сите овие водоснабдителни системи, но и зголемен обем на контролата на квалитетот на чистата вода како во градот, така и во населените места.

Во натамошниот дел на извештајот ќе направиме една основна поделба и тоа:

- Водоснабдителен систем за град Струмица и населените места: с. Добрејци, с. Просениково, с. Дабиле, с. Г.Балдовци, с. Баница и с. Водоча.
- Водоводи во населените места: Бања Банско и с. Банско, с. Муртино и с. Сачево, с. Куклиш, с. Свидовица, с. Раборци и с. Габрово.

**Водоснабдителен систем за град Струмица и населените места с. Добрејци, с. Просениково, с. Дабиле, с. Г. Балдовци, с. Баница и с. Водоча**

Водоснабдителниот систем за градот Струмица и населените места: с. Добрејци, с. Просениково, с. Дабиле, с. Г.Балдовци, с. Баница и с. Водоча користи сирова вода од акумулацијата Турија која се обработува во филтер Станицата.

Во текот на овој период дотур на сирова вода од брана Турија до Филтер Станицата се одвиваше непрекинато, континуирано и во доволни количини спрема потребите на фабриката за вода.

Водоснабдителниот систем во Струмица функционира без поголеми проблеми и граѓаните се снабдуваат редовно, без прекин со чиста и здрава вода. Постојат одделни делови од градот каде сеуште постојат проблеми со квалитетно водоснабдување заради необновени водоводни приклучоци и веќе дотраени приклучни линии, но со постојаното обновување на кукните приклучоци, континуирано секоја година овие проблеми се решаваат и намалуваат.

Во Фабриката за вода се одвиваше непрекинат процес на производство на здрава и чиста вода, со постојан квалитет кој се следеше секојдневно, вршејќи

анализа во нашата лабораторија и во лабораторијата на Заводот за Здравствена Заштита во Струмица. Периодична анализа на водата се вршеше и во Републичкиот Завод за Здравствена заштита во Скопје и Хидробиолошкиот Завод во Охрид. Резултатите од извршените анализи на водата ги задоволуваат законските прописи согласно Правилникот за квалитет на вода за пиење.

Обработените количини на сирова вода во Филтер станицата во периодот Јануари - Март изнесува **1.980.800** м$^3$.

Дел од овие количини на вода се трошат за потребите на Фабриката за вода, односно за одвивање на технолошкиот процес и тоа: перење на филтри, припрема на раствори, одмуљување, чистење на таложници и др потреби.

Вкупната потрошена вода, односно фактурирана према граѓаните и правните лица изнесува: **1.020.110** м$^3$.

| Месец | Чиста вода (м$^3$) |
|---|---|
| Јануари | 171.337 |
| Февруари | 156.024 |
| Март | 161.122 |
| Април | 170.596 |
| Мај | 179.034 |
| Јуни | 181.997 |
| **Вкупно** | **1.020.110** |

Калкулирајќи со овие измерени количини на вода можеме да ги пресметаме вкупните загуби на вода во водоснабдителниот систем, и тие загуби на вода за периодот Јануари - Јуни изнесуваат 48.50 %. Во овој процент на загуби влегуваат и количините на вода кои се трошат за дел од јавното зеленило, јавни чешми, перење на улици и други комунални потреби во градот, потребите од вода во самиот технолошки процес на самата Филтер станица и загубите на вода по цевководот од Турија до Филтер станицата.

За третирање на овие количини на сурова вода во Фабриката за Вода беа потребни следниве количини на хемикалии:

| Месец | Алуминиум сулфат (кг.) | Течен хлор (литри) |
|---|---|---|
| Јануари | 15.000 | 150 |
| Февруари | 17.400 | 150 |
| Март | 16.000 | 300 |
| Април | 16.000 | 150 |
| Мај | 17.000 | 150 |
| Јуни | 18.000 | 300 |
| **Вкупно** | **99.400** | **1200** |

За одржување на самата Фабрика за вода, како и на пумпните постројки не беа забележани поголеми дефекти и прекини во работењето, освен вообичаените интервенции при тековното работење.

Извештај за периодот Јануари – Јуни за тековно одржување обработен по видови на интервенција е прикажан на следната табела:

| Вид на интервенција | Вкупно интервенции |
|---|---|
| Дефекти | 106 |
| Враќање во првобитна положба | 5 |
| Замена на шахта | 1 |
| Дислокација на водомер | 1 |
| Останати интервенции | |
| **Вкупно** | 113 |

Извештај за периодот Јануари - Јуни обработен по видови на интервенции кон физички и правни лица е прикажан на следната табела:

| Вид на интервенција | Вкупно интервенции |
|---|---|
| Приклучоци | 18 |
| Преприклучување | 3 |
| Поделба на водомер | 3 |
| Дислокација на водомер | 2 |
| Изведба на ПП хидрант | 1 |
| Услуга | |
| **Вкупно** | 27 |

Во ова година се продолжи со приклучоците на новите водоводни линии во населените места: с. Добрејци, с. Просениково, с. Г.Балдовци, с. Дабиле и с. Баница.

За овој период Јануари – Јуни приклучени се следните домакинства:

| Населено место | Број на приклучувања |
|---|---|
| с. Добрејци | 2 |
| с. Дабиле | 3 |
| с. Гр. Балдовци | 1 |
| **Вкупно** | **6** |

За сите нови приклучоци во овие населени места се инсталирани и нови водомери со далечинско отчитување и на еден начин со тоа добивме осовременување на начинот на читање на водомерите, но и можност за поголема течност и поголема контрола на самите водомери.

**Водоводи во населените места: Бања Банско и с. Банско, с. Муртино и с. Сачево, с. Куклиш, с. Свидовица, с. Раборци и с. Габрово.**

За водоводниот систем во Бања Банско се обработени следните количини на сирова вода.

| Месец | Чиста вода ($м^3$) |
|---|---|
| Јануари | 7.275 |
| Февруари | 7.462 |
| Март | 8.260 |
| Април | 8.621 |
| Мај | 8.241 |
| Јуни | 10.478 |
| **Вкупно** | **50.337** |

Системите за хлорирање во водоснабдителните системи за населени места с. Муртино, с. Сачево, с. Свидовица и с. Куклиш и во овој период континуирано вршеа дезинфекција на водата со хлор и со тоа се обезбедуваше да граганите од овие населени места пијат хигиенско технички исправна вода за пиење.

За водоводниот систем за с. Муртино и с. Сачево за период Јануари – Јуни се измерени следните количини на потрошена чиста вода.

| Месец | чиста вода ($м^3$) |
|---|---|
| Јануари | 9.748 |
| Февруари | 13.722 |
| Март | 12.957 |
| Април | 11.036 |
| Мај | 12.634 |
| Јуни | 12.872 |
| **Вкупно** | 72.969 |

За водоводниот систем за с. Куклиш за периодот Јануари - Јуни се измерени следните количини на потрошена чиста вода.

| Месец | чиста вода ($м^3$) |
|---|---|
| Јануари | 5.371 |
| Февруари | 5.590 |
| Март | 5.609 |
| Април | 5.431 |

| | |
|---|---|
| Мај | 7.258 |
| Јуни | 7.498 |
| **Вкупно** | **36.757** |

Во овој период во овие населени места и водоводни системи немаше поголеми дефекти на водоводната мрежа и на пумпните постројки и водоснабдувањето се одвиваше континуирано и без прекини.

За водоводниот систем за с. Свидовица за периодот Јануари - Јуни се измерени следните количини на потрошена чиста вода.

| Месец | чиста вода ($м^3$) |
|---|---|
| Јануари | 1.206 |
| Февруари | 1.608 |
| Март | 1.644 |
| Април | 1.312 |
| Мај | 1.508 |
| Јуни | 2.424 |
| **Вкупно** | **9.702** |

За водоводниот систем за с. Габрово за периодот Јануари - Јуни се измерени следните количини на потрошена чиста вода.

| Месец | чиста вода ($м^3$) |
|---|---|
| Јануари | 236 |
| Февруари | 538 |
| Март | 269 |
| Април | 377 |
| Мај | 877 |
| Јуни | 980 |
| **Вкупно** | **3.277** |

За дезинфекција на водата во овие водоводни системи е потрошено 2160 кг. натриум хипохлорит.

Во периодот Јануари - Јуни во одделот баждара беше остварена следната реализација:

**Преглед на демонтирани водомери и заменети со нови**

| Месец | Не се чита | Пукнато стакло | Редовно баждирање | Стопен механизам | Пукнато тело | Закочен механизам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 20 | 35 |
| Февруари | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 20 | 35 |
| Март | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 20 | 35 |
| Април | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 20 | 35 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мај | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 20 | 35 |
| Јуни | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 20 | 35 |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **90** | **0** | **0** | **120** | **210** |

Број на демонтирани водомери........................210
Број на монтирани водомери............................210

### 2. Извештај за прифаќање, одведување на комунални отпадни води и одржување на канализациониот систем за период од I – VI месец 2025 година

Обврските и работните задачи кои Секторот Водовод и Канализација ги врши за нормално функционирање на канализациониот систем се однесуваат на следните работи:

- Отпушување на канализационите линии
- Перење на канализациони линии
- Црпање на канализационен талог
- Отпушување на фекални приклучоци
- Отпушување на атмосферски сливници
- Поправка на канализациона мрежа
- Поправка на сливници
- Поправка на канализациони шахти
- Чистење на комплет сливници и таложници
- Нови канализациони приклучувања на корисници
- Изработка на приклучни шахти
- Нови таложници и сливници
- Изработка на нови фекални и атмосверски линии

Во период Јануари – Јуни континуирано се вршеше одржување на канализационата мрежа во градот, перманентно се вршеше чистење на сите сливници и тиролски зафати низ целиот град, се вршеше и визуелен преглед на ревизиони шахти, сливници, таложници и приклучоци.
Ова перманентно одржување на канализационата мрежа допринесе за нормално функционирање на канализациониот систем на град Струмица.
Извештај за период Јануари – Јуни обработен по видови на интервенција е приклучен на следната табела.

| Вид на интервенција | Вкупно интервенции |
|---|---|
| **Физички и правни лица** | |
| Нови фекални приклучоци | 6 |
| Нови атмосферски приклучоци | |
| Отпушување на фекална канализација | 6 |
| Чистење септичка јама | 3 |
| Останати интервенции | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **15** |
| | |
| **Тековно одржување** | |
| Одржување на канализација | 6 |
| Отстранување на дефект | |
| Бетонирање | 1 |
| Монтажа на контејнери | 2 |
| Поправка на фонтана | 1 |
| Подигање на шахта и замена на капаци | 1 |
| Останати интервенции | 1 |
| **Вкупно** | **12** |

За овој период Јануари – Јуни во селските населби приклучени се следните домакинства.

| Населено место | Број на приклучувања |
|---|---|
| с. Дабиле | 2 |
| с. Добрејци | 1 |
| с. Костурино | 2 |
| с. Просениково | 1 |
| **Вкупно** | **6** |

**Пречистителната станица за отпадни води на град Струмица**

На прочистителната станица за отпадни води се запослени вкупно **6** особи и тоа: раководител, лабораториски техничар, двајца техничари и двајца општи работници, исто треба да се напомене дека за обезбедување на станицата е ангажирана чуварска служба и се ангажирани 4 особи.

Според податоците кои се превземени од скада системот кој служи за управување и контрола на самиот процес на прочистување на отпадната вода се добиени следните резултати:

Месец **јануари 2025**година во прочистителната станица влегле **269 727** метри кубни на вода од фекалната канализација од која се добиени **225 204** метри кубни чиста вода или втора класа чиста вода, при тоа се транспортирани и фрлени во депонијата **250** метри кубни згусната миљ а за тоа се потрошени **99 049** kWh електрична енергија и **250** килограми полимер (згуснувач) **ZETAG 8165**. При испитување на квалитетот на влезната и на излезната вода се потрошени во лабораториски испитувања следните реагенси: LCK514 22E, LCK314 22E, LCK350 5E, LCK 238 5E, LCK 138 5E, LCK 303 5E и LCK 304 5E.

Месец **февруари 2025** година во прочистителната станица влегле **265 859** метри кубни на вода од фекалната канализација од која се добиени **244 179** метри кубни чиста вода или втора класа чиста вода, при тоа се транспортирани

и фрлени во депонијата **250** метри кубни згусната миљ а за тоа се потрошени **93 948** kWh електрична енергија и **200** килограми полимер (згуснувач) **ZETAG 8165**. При испитување на квалитетот на влезната и на излезната вода се потрошени во лабораториски испитувања следните реагенси: LCK514 22E, LCK314 22E, LCK350 5E, LCK 238 5E, LCK 138 5E, LCK 303 5E и LCK 304 5E.

Месец **март 2025** година во прочистителната станица влегле **297 144** метри кубни на вода од фекалната канализација од која се добиени **262 624** метри кубни чиста вода или втора класа чиста вода, при тоа се транспортирани и фрлени во депонијата **300**метри кубни згусната миљ а за тоа се потрошени **103 366** kWh електрична енергија и **250** килограми полимер (згуснувач) **ZETAG 8165**. При испитување на квалитетот на влезната и на излезната вода се потрошени во лабораториски испитувања следните реагенси: LCK514 22E, LCK314 22E, LCK350 5E, LCK 238 5E, LCK 138 5E, LCK 303 5E и LCK 304 5E.

Месец **април 2025** година во прочистителната станица влегле **307 731** метри кубни на вода од фекалната канализација од која се добиени **283 539** метри кубни чиста вода или втора класа чиста вода, при тоа се транспортирани и фрлени во депонијата **350**метри кубни згусната миљ а за тоа се потрошени **95 679** kWh електрична енергија и **280**илограми полимер (згуснувач) **ZETAG 8165**.При испитување на квалитетот на влезната и на излезната вода се потрошени во лабораториски испитувања следните реагенси: LCK514 22E, LCK314 22E, LCK350 5E, LCK 238 5E, LCK 138 5E, LCK 303 5E и LCK 304 5E.

Месец **мај 2025** година во прочистителната станица влегле **303 163** метри кубни на вода од фекалната канализација од која се добиени **273 128** метри кубни чиста вода или втора класа чиста вода, при тоа се транспортирани и фрлени во депонијата **350**метри кубни згусната миљ а за тоа се потрошени **112 303** kWh електрична енергија и **300**илограми полимер (згуснувач) **ZETAG 8165**.При испитување на квалитетот на влезната и на излезната вода се потрошени во лабораториски испитувања следните реагенси: LCK514 22E, LCK314 22E, LCK350 5E, LCK 238 5E, LCK 138 5E, LCK 303 5E и LCK 304 5E.

Месец **јуни 2025** година во прочистителната станица влегле **295 030** метри кубни на вода од фекалната канализација од која се добиени **267 159** метри кубни чиста вода или втора класа чиста вода, при тоа се транспортирани и фрлени во депонијата **300**метри кубни згусната миљ а за тоа се потрошени **102 834** kWh електрична енергија и **250**илограми полимер (згуснувач) **ZETAG 8165**.При испитување на квалитетот на влезната и на излезната вода се потрошени во лабораториски испитувања следните реагенси: LCK514 22E, LCK314 22E, LCK350 5E, LCK 238 5E, LCK 138 5E, LCK 303 5E и LCK 304 5E.

**1.2..Извештај за Собирање, изнесување и депонирање на комунален цврст отпад од станбени, деловни и индустриски површини. Чистење на јавни прометни површини за период од I –VI месец 2025 година**

Согласно новата организациона поставеност во склопот на **Сектор "Комунална хигиена и одржување на гробишта**, организирано е **одделението Комунална хигиена** ".

"Одделението Комуналната хигиена"има два оддели и тоа :

- Оддел индивидуална комунална хигиена,

- Оддел јавна комунална хигиена.

**Одделот индивидуална комунална хигиена** е задолжен за собирањето, транспортирање и депонирање на комуналниот и индустрискиот цврст неопасен отпад што се продуцира во општина Струмица.

Динамиката на собирање на комуналниот отпадот е 8 пати неделно во поширокото централно градско подрачје и два пати неделно во останатите 3 реони во градот како и два пати неделно во населените места (с.Добрејци, с.Просениково, с.Дабиле, с.Гр Балдовци, с.Сачево, с.Муртино,с.Банско ,с .Габрово,с. Свидовица, с.Куклиш, с.Костурино, с.Раборци,с.Велуса и с.Баница).

Во првото полугодие од 2025 година овој оддел врши услуга на 13.436 домаќинства и 1.497 правни лица. Овој оддел располага со 8 специјални возила кои се опслужени од 22 работника и тоа.

| **Вид на возило** | **број** |
|---|---|
| Автосмекри | 7 |
| Автоподигач | 1 |

За Собирање на градежен шут ,гранки и кабаст отпад се вклучени 3 трактори и 6 работника. Кои работат по претходни пријави од граганите преку кол-центарот **13-110** на ЈПКД Комуналец Струмица и **Систем – 48** на Општина Струмица.

Во првите шест месеци од 2025 година преку двата кол- центри имаше вкупно 118 пријави.

Вкупната количина на собран комунален и друг вид на отпад од територијата на општина Струмица во првите три месеци од 2025 г. изнесува :

| **Подигнат отпад** | **$M^3$** |
|---|---|
| Правни лица | 2.185 |
| Физички лица | 20.958 |
| Вкупно | 23.143 |

Како посебен дел на овој оддел е депонија Шапкар кај населено место Добрашинци. Депонијата ја опслужуваат 5 вработени и една градежна машина и секојдневно се врши резистирање на отпадот. Да напомeнаме дека на оваа депонија се депонира отпад од териториите на општина Струмица,општина Василево и општина Босилово.

**Одделот за јавна комунална хигиена** е задолжен за одржување на хигиената на : улиците , плоштадите и јавните површини во градот и населените места на територијата на општина Струмица.

Истата се одвива според програмата за работа донесена од Советот на Општина Струмица

Одржувањето на јавната чистота подразбира машинско и рачно метење и миење на јавните површини.

За секојдневно одржување на јавната чистота на територијата на градот се ангажирани вкупно 27 работника или 9 работни екипи . Чистењето на јавните површини се одвива во следниот распоред:

8 екипи работат 6 пати неделно (од понеделник до сабота) во периферните улици во градот со работно време од $05^h$ до $12^h$

Една екипа на одржување на јавна чистота во поширокото централно градско подрачје со работно време од $04^h$ до $11^h$.

Една екипа на дневно одржување на поширокото градско подрачје и празнење на уличните корпи со работно време (од понеделник до петок) од $13^{30}$ до $20^{30}$ и недела со работно време од $5^h$ до $12^h$ .

Вкупната површина што секојдневно ја одржуваат $8^{те}$ работни групи во периферниот дел на градот изнесува 207.596 $м^2$ .

Двете работни групи кои што работат на одржување на јавната чистота секојдневно одржуваат површина од 85.898 $м^2$ и празнат 153 броја урбани корпи за отпад.

Покрај рачното метање во склоп на овој оддел има и 3 автометачки и 1 машина за перење на плоштадот.

Покрај горенаведеното во првите шест месеци од 2025 год се извршени следните активности :

- Чистење на диви депонии кај населено место Банско.
- Чистење на диви депонии кај населено место Баница.
- Чистење на диви депонии кај населено место муртино
- Чистење на диви депонии на ул.Антон Панов – 2 пати .
- Чистење на диви депонии на градски гробишта – 2 пати. .

- Чистење на дива депонија на река Ткрања.
- Секојдневно перење на улиците

Во првите шест месеци од 2025 година има собрано 1200 кгр. Пет пластика и 20 кгр. лименки.

**1.3. Извештај за Управување и одржување на гробишта за период од I - VI месец 2025 година**

Согласно новата организациона поставеност во склопот на Сектор "Комунална хигиена и управување и одржување на гробиштата, организирано е Одделение Управување и одржување на гробишта.

Во изминатите шест месеци од 2025 година се реализираа тековни и развојни активности.

Во текот на изминатите шест месеци од 2025 година извршени се вкупно 194 погреби. Погребите ги извршуваа приватните оператори за погребни дејности "Марјан-С", "Марија Пласт" и "Инфинити интернационал ДООЕЛ"

Ние како управители сме задолжени да издаваме :

-Локациски места (гробно место)

-Протокол за регулациона , градежна и нивелациона линија.

-Водење дневник и регистар на погребани лица .

-Склучување на договори за носители на гробно место.

-Наплата на гробарина (годишна такса).

1.Тековни активности

- Секојдневно одржување на хигиената во капелскиот простор, просторот за издавање на помени и санитарниот простор.

- Секојдневно метење на просторот пред капелата, собирање на одпадот од корпите за отпад и изнесување на сметот.

- Во зимскиот период чистење на снегот пред капелскиот простор и пристапните патеки до гробните места.

- Кастрење на грмушки, гранки и сечење стари и исушени дрвја.

- Во пролетниот и летниот период редовно косење и третирање на тревата со хербицид околу гробните места и пристапните патеки до гробните места.

- Исечени 5 стари и биолошки мртви стебла.

- Собрано 80 м3 отпад.

- Продадено 26 гробни места и 32 резервации.

2. Инвестициони (развојни активности)

Освен тековните активности реализирани се и следниве развојни активности:

- Тампонирање и бетонирање на пристапните патеки до гробните места.

- Рамнење на теренот во новата парцела каде се вршат погреби и изведени и отворени 30 нови гробни места.

- Поставени бетонски корпи за отпад на новиот дел од гробиштата.

- Обновени и поправени 16 чешми на места достапни за граѓаните.

- Исчистен, уреден и паркинг плацот.

- Поставени 10 бетонски столба за ограда со метална мрежа со висина 2м.

3. Придружни услуги кои одделението ги врши

- Изведба на бекатон плочки околу гробните места.

- Бетонирање околу гробните места.

**1.4. Извештај за давање услуги на Пазарите за период од I – VI месец 2025 година**

Во изминато полугодие од 2025 година пазарите во Струмица, со кои стопанисува ЈПКД "Комуналец" – Струмица, работеа според предвидувањата и во скад со Програмата за работа на јавното претпријатие .

Активностите на нив воглавно беа за тековно одржување на постоечката инфраструктура и опрема и секојдневна хигиена на површините и продажните објекти.

На почетокот на годината, по јавно објавен оглас беа склучени договори со сите корисници – регистрирани вршители на дејност за закуп на продажни места на сите пазари.

Договорите беа склучени со важност до крајот на календарската година и во нив се договорени сите должности и права на закуподавецот и закупецот.

Пазарите работеа по утврден Пазарен ред во кои се регулирани сите елементи за работа на пазарите поодделно, односно условите за работа, работно време, дотурот на стока, одржување на хигиената и др.

Услугите на пазарите во овој период се наплаќаа по цени утврдени од УО на ЈПКД"Комуналец" – Струмица и со согласност од Советот на општина Струмица.
Наплатата на сите пазари се вршеше со фискални сметки за пазаришна такса и со каса прими за плаќања по фактури.

**ПАЗАР НА МАЛО ГРАДСКИ ПАЗАР "ГЛОБАЛ"**

Овој пазар, како централен и со најдобри услови за вршење промет на мало на прехранбени и на непрехранбени стоки, во овој период од годината работеше со вообичаена искористеност на капацитетот и промет на стоки.
Хигиената на површина во пазарот се вршеше непрекинато во работното време со отстранување на одпадоците и со џогирање, а по затварање на пазарот и со машинско чистење со соодветни средства за дезинфекција на целата површина од страна на вработени во одделението пазари.
Во месец јуни 2025 година беше извршено ДДД на целокупната површина на пазарот од овластена фирма.

**ПАЗАР НА МАЛО "ЧЕШЕЛ"**

Пазарот на мало "Чешел" во првото полугодие од 2025 година функционираше согласно неговата намена, односно како пазар за продажба на земјоделски производи,текстил, обувки и стоки од неколку занаетчиски дејности.

Различните стоки се продаваа на посебно организирани делови заради немешање на прехрамбените производи со индустриските и занаетчиските.

Пазарот работи секој ден освен недела.

Хигиената на пазарот "Чешел" се одржуваше на потребно ниво со секојдневно метење и отстранување на сметот во работно време и после него. Еднаш неделно, секој неработен ден – недела пазарот се переше и се чистеа тезгите и сливниците од страна на вработените во одделението "Пазари".

Во месец јуни 2025 година беше извршено ДДД на целокупната површина на пазарот од овластена фирма

**ПАЗАР НА МАЛО „КАНТОН"**

Овој пазар работи само во пазарен ден – сабота.

Во изминатите шест месеци од 2025 година овој пазар работеше со нормално темпо на работа за овој период од годината.

Во месец март 2025 година извршено е генерално чистење на целата површина на пазарот и со сечење на диви капини околу пазарот отворен е паркинг простор на истиот.

Пазарот се чистеше еднаш неделно од страна на вработените на одделението "Комунална хигиена".

Во месец јуни 2025 година беше извршено ДДД на целокупната површина на пазарот од овластена фирма

## ПАЗАР НА ГОЛЕМО "КВАНТИ ПАЗАР"

Во периодот од месец јануари до месец јуни 2025 година квanти пазарот работеше вообичаено со нормален интензитет.

На овој пазар вообичаено се вршеше тековно одржување.

Во месеците јануари и март 2025 година се изврши генерално чистење и ДДД на квани пазарот.

Услугите што јавното претпријатие ги издаваше во овој период се состоеја во издавање простор за објекти (бараки) за откуп и продажба на земјоделски стоки и за угостителска дејност, простор за продажба од возила и запрежни коли и простор за празни возила.

Во делот на сточниот пазар еднаш неделно (сабота) се организираше промет на жива стока – крупен и ситен добиток .

Чистотата на кванти пазарот, како целина, се одржуваше со секојдневно метење и собирање на сметот, а по потреба и перење на асфалтираната површина.

## 1.5.Извештај за Уредување и одржување паркови и зелени рекреативни површини за период од I – VI месец 2025 година

Согласно организационата поставеност во склоп на Сектор "Управување и одржување јавно зеленило и Пазари,, организирано е одделението ,,Управување и одржување на јавно зеленило".

Во Одделението ,,Управување и одржување на јавно зеленило" динамиката и интензитетот на одржување на јавно градско зеленило во првите шест месеци од 2025 година е одредена согласно со Оперативната програма. Вкупните

зелени површини кои ги одржува Одделението ,,Управување и одржување на јавно зеленило се следните:

1. ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ

Во парковски површини спаѓат следниве:

1.1 Парк пред Собрание__________________ 3.250 м2

1.2 Градски парк (прв дел)________________ 22.575м2

1.3 Градски парк (vтор дел)________________16.493м2

1.4 Градски парк (трет дел)________________50.000м2

1.5 Бежански парк__________________________ 860м2

1.6 Парк ,,29 Ноември,,_____________________ 750м2

1.7 Еко Парк ---------------------------------------------- 2.500 м2

Вкупно:______________________________ 96.428 м2

2. ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА БУЛЕВАРИ

Во зелени површини на булевари спагаат следниве:

2.1 Бул. „Благој Јанков Мучето"__________________1.391м2

2.2 Бул. „Ленинова"______________________________918м2

2.3 Бул. „Гоце Делчев"____________________________850м2

2.4 Бул. „Балканска"______________________________700м2

2.5 Бул. „Климент Охридски"____________________1.100м2

Вкупно:______________________________________4.959м2

3. ДРУГИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување се :

3.1 Ул. „Благој Јанков Мучето"__________________________700м2

3.2 Плоштад „Гоце Делчев"______________________________ 280м2

3.3 Зелени површини на "Булевар Маршал Тито"__________250м2

3.4 Зеленило кај „Тинекс"______________________ 50м2

3.5 Кружен тек на ул.„Балканска"__________________ 172м2

3.6 Кружен тек на ул. „22 Декември"________________ 410м2

3.7 Зелена површина на ул. „Брака Миладинови"_________ 375м2

3.8 Зелена површина на ул. „Климент Охридски"________1.100м2

3.9 Зелена површина на ул.„Братство и Единство"______ 78м2

3.10 Зелена површина на ул. „Маршал Тито"_______1.030м2

3.11 Кружен тек на ул. „Климент Охридски"_________ 452м2

3.12 Кружен тек на бул „Гоце Делчев"_____________ 275м2

3.13 Кружен тек на бул. „Маршал Тито"____________ 310м2

3.14 Кружен тек на бул. „Ленинова"________________51м2

Вкупно:________________________________________ 5.515м2

Вкупната површина на парковите, булеварите и другите зелени површини е 106.902м2. За овие површини Одделението ,,Управување и одржување на јавно зеленило ги изведуваше сите работни операции кои беа потребни во зависност од временскиот период.

Во првите шест месеци од 2025 година извршени се следните активности за одржување на зеленилото според Програмата за 2025 год. и тоа: окопување на цветни леи, прашење и окопување на ружи и садници, кроење на грмушки и дрвја, кроење на жива ограда, собирање на отпадоци, метење на патеки, правење на ивици по булевари, собирање на лист од зелени површини, косење на зелени површини, замена н кадрони на клупи.

Исто така надвор од програмата е одржувањето на детските игралишта во Струмица и во населените места с.Дабиле и с.Добрејци. Во периодот од месец јануари до месец јуни 2025 година редовно се одржуваа сите зелени површини во населените места кои гравитираат околу градот Струмица Се вршеше чистење и косење на зелените површини во населените места: Дабиље, Просениково, Добрејци, Градско Балдовци, Куклиш, Свидовица и Костурино. Исто така извршено е кроење на одредени дрвја и дрвореди и чистење на затревени површини покрај некои улици и тротоари во градот по пријава од граганите преку Систем 48.

ЈПКД"Комуналец"
Струмица

СТРУМИЦА ЈПКД
# КОМУНАЛЕЦ
СТРУМИЦА

## КВАРТАЛЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
## на
## ЈПКД КОМУНАЛЕЦ СТРУМИЦА

**за период**

**01.01-30.06.2025 година споредено со**
**01.01.-30.06.2024 година**

**СТРУМИЦА**

**ЈУЛИ 2025 година**

## *1. Институционална поставеност и дејност на претпријатието*

ЈП Комуналец - Струмица (понатаму именувано како ЈПКД) е формирано како комунално претпријатие со одлука на Собранието на општина Струмица на 28.11.1989. Статутот на ЈПКД е усвоен од Управниот одбор на 27.11.2009 година. ЈПКД согласно статут ги обезбедува следните услуги:

1. Производство, обработка и снабдување со вода за пиење
2. Собирање и отстранување на отпадни и атмосферски води
3. Собирање, преработка и отстранување на цврст отпад
4. Одржување на паркови, рекреативни подрачја и гробишта
5. Одржување на јавна хигиена
6. Изнајмување недвижен имот
7. Изградба/реновирање на инфраструктура за водоснабдување и отпадни води

Со Статутот се утврдува ЈПКД како независен правен субјект, управуван од страна на директор кој го именува градоначалникот на општината. Управувањето го врши Управниот одбор, кој се состои од 5 члена. Надзорот над финансиското сметководство го врши Надзорниот одбор, кој го формира Советот на општината. Надзорниот одбор се состои од 5 надворешни членови.

## *2.Организација и вработени*

Моменталната екипираност и организациона структура за 01.01.-30.06.2025 год. за ЈПКД е организирано во 10 сектори и две одделенија директно управувани од директорот, со моментален број на вработени на крајот на периодот односно на 30.06.2025 година изнесува 347 вработен, споредено со состојба на 30.06.2024 година кога бројот на вработени изнесува 340.

Просечниот број на вработени во текот на првите шест месеци од 2025 година изнесува 360 вработени споредено со 2024 кога просечниот број на вработени изнесува 346.

## 3.Остварени деловни резултати

Во првото полугодие од 2025 година ЈПКД Комуналец Струмица искажува негативен финансиски резултат –загуба од редовното работење пред оданочување во износ од 34.205.904,50 денари.

Вкупните приходи за периодот (01.01-30.06/2025) бележат намалување во споредба со истиот период 2024 година во износ од 18.298.832,00, а за анализираниот период вкупните расходи се зголемени за износ од 16.322.551,00 денари.

Табела 1.1: Преглед на вкупни приходи и расходи 2025 година за период 01.01.-30.06/2025

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **ВКУПЕН ПРИХОД** | **152.075.575,50** |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **186.281.480,00** |
| 3 | **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **-34.205.904,50** |
| 4 | **ДАНОЦИ ОД ДОБИВКА** | **0,00** |
| 5 | **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **-34.205.905,00** |
| | **Распоредена за:** | |
| а) | **СРЕДСТВА ЗА РЕЗЕРВИТЕ** | **-1.710.296,00** |
| б) | **РЕИНВЕСТИРАНА ДОБИВКА** | **-32.495.609,00** |
| в) | **НЕРАСПРЕДЕЛЕНА ДОБИВКА** | |

1.2: Биланс на успех за период 01.01.-30.06.2025

| Ред. бр. | | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | | 2 | 3 | 5 | 6 |
| I. | | **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)** | 201 | 151.622.304,00 | 169.315.600,00 |
| 2. | | Приходи од продажба | 202 | 149.947.402,00 | 166.833.680,00 |
| 3. | | Останати приходи | 203 | 1.674.902,00 | 2.481.920,00 |
| 4. | | Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство | XXX | XXX | XXX |
| 4.а. | | Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината | 204 | 715.000,00 | 762.500,00 |
| 4.б. | | Залихи на готови производи и на недовршено производство на крајот на годината | 205 | 575.000,00 | 752.500,00 |
| 5. | | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | 0,00 | 0,00 |
| II. | | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)** | 207 | 184.762.048,00 | 169.747.771,00 |
| 7. | | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 46.018.235,00 | 37.372.964,00 |
| 8. | | Набавна вредност на продадени стоки | 209 | 0,00 | 0,00 |
| 9. | | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 210 | 0,00 | 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 16.752.392,00 | 17.920.764,00 |
| 11. | | Останати трошоци од работењето | 212 | 3.949.074,00 | 6.283.592,00 |
| 12. | | **Трошоци за вработени (214+215+216+217)** | 213 | 103.352.466,00 | 93.505.389,00 |
| 12.а. | | Плати и надоместоци на плати (нето) | 214 | 67.421.214,00 | 61.892.182,00 |
| 12.б. | | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 215 | 5.059.424,00 | 4.724.459,00 |
